Фото Сојуз на Македонија - Photo Association of Macedonia

Gradski Zid Blok 5, P.O.Box 14, 1000 Skopje R. Macedonia; Tel +389 2 32 38 357; **WWW.FOTOSOJUZ.MK;** e-mail: **info@fotosojuz.mk**

# „Фото сојуз на Македонија"

објавува конкурс

## 64 та државна изложба на фотографии

# „ДЕНОВИ НА МАКЕДОНСКА ФОТОГРАФИЈА" 2026

***Во предвечерието на 80 години од постоење на Фото сојуз на Македонија уште еднаш ја докажуваме нашата определба кон традицијата, квалитетот и кон печатената фотографија како заокружен процес на фотографското творештво. Денови на македонска фотографија како ЕКСКЛУЗИВА кај нас и пошироко ја носи идеата за овој процес и по 63 ти пат ви дава можност да ги покажете своите фотографски вештини и своите фотографии ги испратите на нашето најпрестижно фотографско натпреварување .***

*ИО на ДМФ*

Gradski Zid Blok 5, P.O.Box 14, 1000 Skopje R. Macedonia; Tel +389 2 32 38 357; **WWW.FOTOSOJUZ.MK;** e-mail: **info@fotosojuz.mk**

Напомена : манифестацијата „Денови на македонска фотографија" е од натпреварувачки карактер. Фотографиите кои ќе бидат ***испратени*** од авторите , ќе бидат разгледани од стручното жири кое ќе одлучи кои фотогграфии ќе бидат ***примени*** …
Од ***примените*** фотографии се бираат наградените и фотографиите кои ќе бидат претставени на изложбата и во каталогот …

# П Р О П О З И Ц И И

1. **Тема:**

   а) „**Слободна** "за поединечни фотографии
   б) „**Слободна**" за колекција
   в) „ **Документарна**" фотографија

2. **Трудови:** На тема **„ слободна** "ќе се примаат црно-бели и колор фотографии . Секој автор може да испрати **4 фотографии во поединечна и 4 фотографии во колекција**, независно од стил, процес на снимање, или обработка. Фотографите кои испраќаат фотографии во двете теми мора да водат сметка фотографиите да не бидат исти. На тема **„ Документарна"** можат да се испратат **4 фотографии** кои ќе содржат приказ на случувања од јавниот живот ( политички настан , концерт, претстава, спортски настан , протест или друго поврзано со јавниот живот во Р.Македонија, или надвор од границите на нашата држава , а кое ги одбележало минатите години …)

   -Напомена: Документарната фотографија заради својата специфика и преклопување со сценската може да биде предмет на толкување на членовите на жирито...

3. **Димензии:** На изложбата ќе се примаат фотографии со димензии помеѓу 30x40 см и 32,9x48,3 см (А3+ формат) како и формати изведени од истите, при што подолгата страна не треба да биде помала од 40 cm.
   Исклучок на ова правило се квадратни фотографии кај кои димензиите мораат да се помеѓу 30x30 см и 40x40 см.

4. Фотографиите кои значително отскокнуваат од пропишаните димензии нема да се жирираат.

5. **Идентификација:** На задниот дел од секоја фотографија треба да се назначат податоците според Правилникот за изложби на ФСМ: име и презиме на авторот, наслов, фото клуб, адреса, е-маил , контакт телефон и звање во ФСМ, доколку авторот го има.

- Доколку фотографиите се испраќаат како колекција да се назначи со **„ Колекција"** на секоја фотографија која е дел од колекцијата

- Фотографиите испратени на тема „ Документарна " освен името на фотографијата и името на авторот на задниот дел на фотографијата треба да има назнака дека фотографијата е на тема **„Документарна"** . Покрај тоа на **образецот** од пријавата да се даде краток опис на настанот со датум на случувањето ( не повеќе од три четири реда …) и испрати заедно со фотографиите .

- **Учесниците на возраст под 21** година доколку сакаат да учествуваат во младинска конкуренција задолжително да го назначат тоа **како на задниот дел фотографиите што ги испраќаат ,така и во пријавата со нанзаката „Младинска конкуренција"**

- Важно .

6. **Учество:** Право на учество на изложбата имаат сите граѓани на Република Македонија, членови на клубовите и фото групите при Фото сојузот на Македонија, самостојни автори членови на Фото сојузот, како и сите други фотографи.

7. **Котизација:** Членовите на Фото сојузот кои имаат платено членарина за 2026та година не плаќаат котизација. Сите останати автори треба да уплатат 300,00 ден. на **жиро сметка: 300000000300833, Комерцијална банка,** со цел на дознака **Денови на македонската фотографија**.

8. Во пакетот со фотографии **уплатницата мора да се приложи**, во спротивно фотографиите нема да бидат примени.

9. **Жири:**

- Проф. Цветан Гавровски , Мајстор на фотографија на ФСМ
- Владимир Секуловски, Кандидат мајстор на фотографија на ФСМ
- Ласко Џуровски , графички дизајнер

- Резервен член Дејан Гилески Ф1 ФСМ
- 
- **Награди: Натпреварувачки награди:**

- Прва, втора и трета награда за колекција на фотографии
- Прва, втора и трета награда за поединечна фотографија
- Три дипломи за колекција на фотографии
- Три дипломи за поединечна фотографија
- Прва, втора и трета награда за документарна фотографија

**Посебно Признание:**

- 
- Плакета „Благоја Дрнков"

10. **Календар:**

- Краен рок за прием: 11.04.2026
- Жирирање: 20.04.2026
- Резултати на сајтот на ФСМ: 27.04.2026
- Отворање на изложбата: 10.06.2026
- Враќање на фотографии: 31.09.2026
- ЗАБЕЛЕШКА : фотографиите се враќаат по пошта само на авторите кои не се од Скопје, останатите фотографиите ќе можат да ѓи подигнат во просториите на „Сојузот на здружанија за техничка култура на Македонија" ( Народна техника)Градски зид , Блок 5 во Скопје .

11. **Адреса:** Делата со пополнета пријава, како и уплатница од котизација, со назив ЗА ДЕНОВИ НА МАКЕДОНСКАТА ФОТОГРАФИЈА 2026,можат да бидат доставени по пошта , или лично од 10 до 14 часот . на адреса Ул. Римска 1 б , Скопје . Тел за контакт 070 332 976

лице за контакт **:**

**Кирил Штрков**

12. **Забелешка:** Фотографиите кои учествувале на претходните ДЕНОВИ НА МАКЕДОНСКА ФОТОГРАФИЈА нема да бидат жирирани. Доколку пак бидат жирирани и накнадно се утврди дека веќе учествувале на претходните ДМФ , ќе бидат дисквалификувани .

13. Организаторот го задржува правото на репродукција на примените фотографии за потребите на изложбата. Авторите гарантираат за авторството на користениот материјал. Секоја злоупотреба на авторски права е на лична одговорност на авторот.

**14. Дефинирање на поимот „Колекција фотографии‟:**

Под **колекција** се подразбира 3 или повеќе фотографии (црно-бели или колор) поврзани меѓу себе или визуелно или наративно:

- ВИЗУЕЛНО: се мисли на естетско-ликовен израз
- НАРАТИВНО: се мисли на серија фотографии кои опишуваат некој настан, психолошка состојба, есеј, тема, концепт, светло и сл.

Фотографиите кои авторот ги праќа како колекција, треба на задна страна да бидат означени со зборот **„колекција‟** и со редоследни броеви за редење.
Колекциите ќе се разгледуваат и оценуваат како целина, со право на жири да ја намали на 3 фотографии

**15.** Дефинирање критериум за наградата „Благој Дрнков‟:

- Фотографиите да се тематски блиски до тематските определби на Благој Дрнков
- Фотографиите да се без фото-монтажа и без примена на софтверски plag-in (филтри или други ефекти)

**16.** Младинска изложба: Доколку се пријават доволен број автори помлади од 21 година ќе се организира и Младинска изложба:

- ако има до 15 автори ќе се поделат три награди: една златна и две дипломи;
- ако има над 15 автори ќе се поделат три награди: една златна, една сребрена и една бронзена медала.

Овие награди се бодуваат согласно Правилникот на ФСМ.

**17.**Одлуката на жирито е конечна.

Контакт: Кирил Штрков, 070 332 976, kirilstrkov@gmail.com
Зоран Ивановски, 071 221 248, ivanovski.zoran@gmail.com

Фото Сојуз на Македонија - Photo Association of Macedonia

Gradski Zid Blok 5, P.O.Box 14, 1000 Skopje R. Macedonia; Tel +389 2 32 38 357; **WWW.FOTOSOJUZ.MK;** e-mail: **info@fotosojuz.mk**

# ДЕНОВИ НА МАКЕДОНСКА ФОТОГРАФИЈА 2026

## П р и ј а в а

### ПОДАТОЦИ ЗА АВТОРОТ

| | |
|---|---|
| Име | |
| Презиме | |
| Звања во ФСМ | |
| Автори под 21 година | |
| Адреса | |
| Град | |
| e-mail и бр. на моб. за контакт | |

### ПОДАТОЦИ ЗА ФОТО КЛУБОТ

| | |
|---|---|
| Име | |
| Адреса | |
| Град | |
| e-mail, WEB | |

### НАСЛОВИ НА ФОТОГРАФИИ :

**ПОЕДИНЕЧНА**

| | |
|---|---|
| 1. | |
| 2. | |
| 3. | |
| 4. | |

Фото Сојуз на Македонија - Photo Association of Macedonia

Gradski Zid Blok 5, P.O.Box 14, 1000 Skopje R. Macedonia; Tel +389 2 32 38 357; **WWW.FOTOSOJUZ.MK;** e-mail: **info@fotosojuz.mk**

**КОЛЕКЦИЈА**

| | |
|---|---|
| 1. | |
| 2. | |
| 3. | |
| 4. | |

**ДОКУМЕТАРНА**

| | |
|---|---|
| 1. | |
| 2. | |
| 3. | |
| 4. | |

( Краток опис и дата на случувањето од вашата фотографија )

1.

2.

3.

4.

Со својот потпис авторот гарантира дека фотографиите испратени на оваа изложба се негово авторскко дело и приложените податоци се точни и дека се согласува со пропозициите на Изложбата.

Испраќач: име и презиме

Потпис на авторот:

Фото Сојуз на Македонија - Photo Association of Macedonia

Gradski Zid Blok 5, P.O.Box 14, 1000 Skopje R. Macedonia; Tel +389 2 32 38 357; **WWW.FOTOSOJUZ.MK;** e-mail: **info@fotosojuz.mk**

- - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - -

- - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - -

Прима:
ДЕНОВИ НА МАКЕДОНСКАТА ФОТОГРАФИЈА 2021
**ФОТО СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА**
**Градски ѕид, Блок 5,**
**Поштенски фах 14,**
**1000 Скопје**

- - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - -

ФОТОГРАФИИ ЗА ИЗЛОЖБА
БЕЗ КОМЕРЦИЈАЛНА ВРЕДНОСТ
НЕ ПРЕВИТКУВАЈТЕ